# УПАТСТВО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРОГРАМОТ ЗА ЛОН ЦАРИНСКО РАБОТЕЊЕ

## oX Lon



**вер. 1.0.4, Јуни 2007**

ObjectX software development

# Содржина:

**1. ВОВЕД ... 3**
**2. КУПУВАЊЕ ... 4**
2.1. КУПУВАЊЕ ОД ОВЛАСТЕН ДИЛЕР ... 4
2.2. ПОРАЧУВАЊЕ ОД ПРОИЗВОДИТЕЛ ... 4
2.3. СИМНУВАЊЕ ОД ИНТЕРНЕТ ... 4
**3. ИНСТАЛАЦИЈА ... 5**
**4. ПРВО СТАРТУВАЊЕ/РЕГИСТРАЦИЈА ... 8**
4.1. РЕГИСТРАЦИЈА ... 8
**5. РАБОТА СО OXLON ... 9**
5.1. ЛЕНТА СО ИКОНИ ... 9
5.2. АЖУРИРАЊЕ ... 10
*5.2.1. Корисник ... 11*
*5.2.2. Единечни мерки ... 12*
*5.2.3. Лица за работа ... 13*
*5.2.4. Комитенти ... 14*
*5.2.5. Тарифи ... 15*
*5.2.6. Производи ... 16*
*5.2.7. Жиро сметки ... 17*
*5.2.8. Царински тарифи ... 18*
*5.2.9. Царинарница ... 19*
5.3. ЛОН РАБОТЕЊЕ ... 20
*5.3.1. Влезна фактура ... 20*
5.4. БАЗА ... 22
*5.4.1. Отворање деловна година ... 23*
*5.4.2. Промена на деловна година ... 23*
*5.4.3. Преземање од деловна година ... 23*
*5.4.4. Архивирање деловна година ... 24*
*5.4.5. Отпакување деловна година ... 24*
*5.4.6. Архивирани податоци на надворешен медиум ... 24*
*5.4.7. Враќање на податоци од надворешен медиум ... 25*
*5.4.8. Празнење ... 25*
**6. ПОМОШ ... 26**
6.1. ЛИЦЕНЦИ ... 26
6.2. ЗА НАС ... 27
6.3. НАЈНОВА ВЕРЗИЈА ... 27
6.4. КОНФИГУРАЦИЈА ... 27
6.5. КОНФИГУРАЦИЈА НА SQL СЕРВЕР ... 29
6.6. УПАТСТВО ... 30
6.7. ЗАБЕЛЕШКИ И КОМЕНТАРИ ... 30
6.8. КАЛКУЛАТОР ... 31
6.9. НАПОМЕНИ ... 31



Банка: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Жиро сметка: 200001111833780
Даночен број: MK4021005145262

**ОБЈЕКТ ИКС ДООЕЛ**
**Никшиќка 16, 7500 Прилеп, Македонија**
тел./факс: +389 (0)48 403 503, тел. +389 (0)75 444 010
e-mail: office@objectx.com.mk, http://www.objectx.com.mk

# 1. Вовед

oXLon - Софтвер за Евиденција на облагородување

Овој софтвер им овозможува на корисниците интеграција на работниот процес, во фирма која работи по принципот на Лон производство.

За изработка на софтверот скенирани се потребите и должностите во фирми кои работат на таков тип на производство.

После исправното внесување на податоците, истите се чуваат на заштитена база за податоци.

Во софтверот се вградени контролни механизми кои, при внесување на податоците на клучни и критични места ја проверуваат нивната точност според соодносот во кој се наоѓаат некои од нив.

Имено, софтверот не дозволува следен чекор при внесувањето ако не е исполнет тековниот чекор, во случај кога е пропуштен некој податок или е внесен погрешно.

Производителот на софтверот не одговара за грешките и проблемите кои би произлегле при неовластено и неисправно користење на овој софтвер

При изработката на програмот се водеше сметка неговата употреба да е лесна и интуитивна.

Минимална конфигурација на компјутер за работа со програмот:

- компјутер Pentium III 500 MHz,
- оперативен систем Windows2000 или WindowsXP,
- Microsoft SQL Server (вклучен во инсталационото CD)
- dotNET Framework 2.0 (вклучен во инсталационото CD)
- Microsoft Office Excel 2003



Банка: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Жиро сметка: 200001111833780
Даночен број: МК4021005145262

**ОБЈЕКТ ИКС ДООЕЛ**
**Никшиќка 16, 7500 Прилеп, Македонија**
тел./факс: +389 (0)48 403 503, тел. +389 (0)75 444 010
e-mail: office@objectx.com.mk, http://www.objectx.com.mk

# 2. Купување

Програмот oXLon може да го набавите на следните начини:

1. да го купите од овластените дилери,
2. да го порачате од производителот,
3. да го симнете од веб страната www.objectx.com.mk.

При сите начини на набавка ќе треба да му се јавите на производителот за регистрирање на продуктот. Телефонскиот број е назначен на купената кутија, CD и на интернет страната. Сè додека не го регистрирате, можете да го користите, но печатење на фактури, фискална сметка и резервација ќе биде оневозможено.

## 2.1. Купување од овластен дилер

При купување од овластен дилер постапката е следна:

- од нашите овластени дилери купувате кутија во која се наоѓа инсталационо CD и упатство,
- на навлаката од CD-то ќе забележите сериски број
- инсталирајте го програмот следејќи го упатството (*3. Инсталација*)
- кога ќе сакате да го регистрирате програмот постапете како во наслов *4.Прво стартување/Регистрација*

## 2.2. Порачување од производител

Кутијата со инсталационото CD и упатство можете да ја порачате директно од производителот

- уплатете ја потребната сума што Ви ја соопштил производителот,
- јавете му се на производителот на некој од наведените контакти (Сл. 5) и кажете му го бројот на уплатница, датумот на уплата и Вашата адреса
- веќе истиот ден производот ќе биде испратен по пошта на Вашата адреса
- инсталирајте го програмот следејќи го упатството (*3. Инсталација*)
- кога ќе сакате да го регистрирате програмот постапете како во наслов *4.Прво стартување/Регистрација*

## 2.3. Симнување од интернет

Од интернет можете да симнете 2 пакети (http://www.objectx.com.mk/Download.html)

- едниот пакет (поголемиот) е слика (iso) на инсталационото CD, која треба да ја снимите на празно CD. Во него се вклучени и бесплатните програми Microsoft SQL Server (MSDE2000A) и dotNET Framework 2.0, кои се потребни за работа на oXLon
- помалиот пакет го содржи само програмот oXLon (во случај да веќе имате инсталирани Microsoft SQL Server и dotNET Framework)
- инсталирајте го програмот следејќи го упатството (*3. Инсталација*)
- кога ќе сакате да го регистрирате програмот постапете како во наслов *4.Прво стартување/Регистрација*



Банка: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Жиро сметка: 200001111833780
Даночен број: MK4021005145262

**ОБЈЕКТ ИКС ДООЕЛ**
**Никшиќка 16, 7500 Прилеп, Македонија**
тел./факс: +389 (0)48 403 503, тел. +389 (0)75 444 010
e-mail: office@objectx.com.mk, http://www.objectx.com.mk

# 3. Инсталација

Доколку го имате инсталационото CD или поголемиот пакет симнат од интернет снимен на CD, после ставањето во CD-погонот, автоматски се стартува програмот Setup.exe (Сл. 1).

Ако тоа не се случи, или пак Вашата копија сте ја снимиле на хард диск, потребно е рачно да го стартувате програмот Setup.exe. Ќе се стартува форма како на Сл. 2.

Постапката за инсталација на програмот oXLon од инсталационото CD е едноставна и се одвива во 3 чекори.

Ако имате инсталирани dotNET Framework 2.0 и Microsoft SQL Server, тогаш преминете на чекор 3.




**Сл. 1 Изглед на фолдерот од инсталационото CD**

Доколку од интернет сте го симнале помалиот пакет (само програмот oXLon) тогаш стартувајте го oXLonSetup.msi и следете ги инструкциите.

**Чекор 1.** Во првиот чекор се инсталира бесплатната програма Microsoft SQL Server Desktop Edition (MSDE2000A).

Доколку веќе имате инсталирано Microsoft SQL Server на вашиот компјутер или на локалната мрежа, прескокнете го овој чекор. Откако ќе го инсталирате програмот oXLon, ќе биде потребно само да го одберете Вашиот SQL Server (види наслов „6.5. Конфигурација на SQL сервер“ на страна 29).

Со притискање на копчето „Чекор 1“ се појавува известување дека на Вашиот компјутер ќе биде инсталиран наведениот софтвер. Притиснете ОК.

Се појавува прашање „Дали е Вашиот компјутер поврзан во мрежа?“

Ако е поврзан во локална мрежа со други компјутери, кои би можеле да го користат истиот SQL Server, притиснете „YES“.

Притиснете „NO“ во случај компјутерот да не е поврзан во локална мрежа и SQL Server-от што се инсталира да биде користен само од тој компјутер.

**Чекор 2.** Во вториот чекор се инсталираат бесплатните програми dotNET Framework 2.0, Windows Installer 3.1 и Windows2000 Service Pack 4 (опционално). Тие се потребни за функционирање на програмот oXLon.

Ако оперативниот систем на Вашиот компјутер е Windows2000, за инсталација на dotNET Framework мора да имате инсталирано Service Pack 3 или понов. Доколку немате, во овој чекор ќе биде инсталиран Service Pack 4.

При нивна инсталација треба да притиснете на копчињата „Accept“, како потврда дека сакате да се инсталираат на Вашиот компјутер и да ги следите упатствата на нивната инсталација.

На крајот на нивната инсталација потребно ќе биде компјутерот одново да се стартува, а потоа одново да се стартува и програмот Setup.exe (Сл. 1)



Банка: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Жиро сметка: 200001111833780
Даночен број: MK4021005145262

**ОБЈЕКТ ИКС ДООЕЛ**
**Никшиќка 16, 7500 Прилеп, Македонија**
тел./факс: +389 (0)48 403 503, тел. +389 (0)75 444 010
e-mail: office@objectx.com.mk, http://www.objectx.com.mk

Доколку веќе ги имате инсталирани овие програми, копчето „Чекор 2“ ќе биде сиво (како на Сл. 2)

**Чекор 3.** Во овој чекор се инсталира програмот oXLon.

Се појавува форма како на Сл. 3. Се притиска копчето Next. За кратко време (во зависност од брзината на Вашиот компјутер) ќе биде инсталиран програмот oXLon.




**Сл. 2 Инсталација во 3 чекори**



Банка: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Жиро сметка: 200001111833780
Даночен број: МК4021005145262

**ОБЈЕКТ ИКС ДООЕЛ**
**Никшиќка 16, 7500 Прилеп, Македонија**
тел./факс: +389 (0)48 403 503, тел. +389 (0)75 444 010
e-mail: office@objectx.com.mk, http://www.objectx.com.mk




**Сл. 3 Инсталација на oXLon**

После инсталацијата, програмот oXLon се стартува преку иконата на Desktop или од менито Start/Programs/ObjectX/oXLon.



Банка: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Жиро сметка: 200001111833780
Даночен број: МК4021005145262

**ОБЈЕКТ ИКС ДООЕЛ**
**Никшиќка 16, 7500 Прилеп, Македонија**
тел./факс: +389 (0)48 403 503, тел. +389 (0)75 444 010
e-mail: office@objectx.com.mk, http://www.objectx.com.mk

# 4. Прво стартување/Регистрација

При прво стартување на програмот се појавува предупредување за нерегистриран софтвер (Сл. 4). Ова предупредување ќе се појавува додека не го регистрирате програмот.

Овој софтвер можете да го користите нерегистриран доживотно. Само притиснете на копчето *Продолжи*.

Но, сите можности на овој програм ќе ги користите само ако го регистрирате.




**Сл. 4 Предупредување за нерегистриран софтвер**

## 4.1. Регистрација




**Сл. 5 Форма на која се врши регистрација**

Доколку сакате да го регистрирате програмот постапете на следниот начин:

- кликнете на копчето *Регистрирај.* Ќе се појави форма како на (Сл. 5).
- јавете му се на производителот на некој од наведените контакти и на лицето за поддршка кажете му ги следните броеви
  - серискиот број залепен на навлаката од CD-то (ако софтверот сте го купиле од дилер или од производителот) или бројот на уплатницата и датумот на уплата (ако сте симнале од интернет и сте уплатиле во банка/пошта)

- и бројот на продуктот кој штотуку сте го добиле со притискање на копчето *Регистрирај*
- во полето *Број од производителот* внесете го бројот кој што ќе Ви го даде лицето за поддршка

# 5. Работа со оXLon

Главното мени на програмот (Сл. 6) е едноставно, мало и зафаќа мал дел (горе десно) од површината на екранот, така што не пречи на останатите активни програми или прозори од истиот програм.




**Сл. 6 Главно мени на програмот**

Во главното мени постојат следните паѓачки менија:

- Ажурирање – содржи подменија кои се однесуваат на ажурирање на општи податоци потребни за работењето на секоја фирма
- Лон работење – содржи подменија кои се однесуваат на сите документи потребни при работењето
- База – манипулирање со базата на податоци, нејзино архивирање, отворање/менување на деловни години...
- Помош – податоци за лиценци за софтверот и неговиот производител, конфигурација на однесувањето на програмот, конфигурација (избор) на компјутер на кој се наоѓа SQL Server-от, линк до интернет страната www.objectx.com.mk, на која се наоѓа најнова верзија на овој програм, како и линк за отворање на ова упатство во pdf формат (за негово прегледување потребно е да имате инсталиран Adobe Acrobat Reader).

Во овој програм на некои од подменијата и формите ќе се сретнеме со копчиња на кои има само ознаки. Овде (Сл. 7) ќе го дадеме нивното значење:




**Сл. 7 Копчиња во формите за ажурирање**

## 5.1. Лента со икони

Овде да ја истакнеме и напредната можност која ја има оваа програма, а тоа е лентата со икони кои корисникот сам ги бира и поставува.

Иконите на лентата се менуваат на следниот начин:

- со глувчето се позиционира било каде на главното мени или лентата,
- се кликнува со десното копче на глувчето,
- паѓа мени кое ги содржи сите подменија од овој програм (Сл. 8),
- со левото копче на глувчето се кликнува на некое подмени,



Банка: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Жиро сметка: 200001111833780
Даночен број: МК4021005145262

**ОБЈЕКТ ИКС ДООЕЛ**
**Никшиќка 16, 7500 Прилеп, Македонија**
тел./факс: +389 (0)48 403 503, тел. +389 (0)75 444 010
e-mail: office@objectx.com.mk, http://www.objectx.com.mk

- иконата (ако ја има) од тоа подмени се поставува прва на лентата на икони, а под неа стојат првите три букви од насловот на тоа подмени
- следниот избор од списокот ќе биде втора икона и тн.




**Сл. 8 Избор на икони за поставување на лента**

При секое следно стартување избраните икони ќе бидат прикажувани по редослед на појавување на списокот. Сè додека корисникот сам не ги исклучи односно вклучи други.

Промената е иста како и изборот. На списокот на сите подменија иконите на избраните се во рамка и изгледаат како притиснати. Со кликнување на нив тие се исклучуваат и повеќе не стојат на лентата на икони.

## 5.2. Ажурирање

Содржи подменија кои се однесуваат на ажурирање на општи податоци потребни за работењето на секоја фирма:



Банка: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Жиро сметка: 200001111833780
Даночен број: МК4021005145262

**ОБЈЕКТ ИКС ДООЕЛ**
**Никшиќка 16, 7500 Прилеп, Македонија**
тел./факс: +389 (0)48 403 503, тел. +389 (0)75 444 010
e-mail: office@objectx.com.mk, http://www.objectx.com.mk

1. Корисник
2. Единечни мерки
3. Начин на плаќање
4. Лица за работа
5. Комитенти
6. Тарифи
7. Производи
8. Жиро сметки
9. Царински тарифи
10. Царинарница
11. Излез




**Сл. 9 Список на ставки за ажурирање**

## 5.2.1. Корисник

Во ова подмени (*1.Корисник*) се внесуваат податоци за фирмата која го купила и го користи овој програм (Сл. 10).

Тука се внесуваат генералиите: Име на фирма, Адреса, Поштенски број, телефони... На крајот се снима. Со притискање на копчето Esc на тастатура, или копчето *Излез* на оваа форма, се излегува од ова подмени.

Овие податоци се потребни за меморандумот на секоја документ кој го издава фирмата.



Банка: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Жиро сметка: 200001111833780
Даночен број: MK4021005145262

**ОБЈЕКТ ИКС ДООЕЛ**
**Никшиќка 16, 7500 Прилеп, Македонија**
тел./факс: +389 (0)48 403 503, тел. +389 (0)75 444 010
e-mail: office@objectx.com.mk, http://www.objectx.com.mk




**Сл. 10 Внесување на податоци за корисникот на програмата**

### 5.2.2. Единечни мерки

Единечни мерки се потребни и мора да се впишат, заради пресметувањето на фактурите и поточно опишување на ставките во нив.

При инсталацијата на програмот предефинирани се само неколку единечни мерки. Тој список корисникот може да го дополнува според сопствените потреби.

Сите производи кои се мерат во некоја физичка единица мера се означуваат со неа, на пример „литри“ (Л), „килограми“ (КГ).

Доколку соодветниот производ е спакуван и неделив и неговата цена е дадена „по парче“ се означуваат со „парче“ (ПА). За сите други производи кои што ќе произлезат со текот на работењето, а се изразуваат во други мерки, дополнително можат да се внесат нови Единечни мерки.

Внесување на Единечна мерка:

- Се отвора подмени *2. Единечни мерки* од менито Ажурирање.
- Се притиска копчето Insert од тастатура или копчето *Додај* на оваа форма.
- Се пополнуваат полињата (Сл. 11). Во првото се внесува кратенка од 2 карактери.
- Во второто поле се внесува опис на единечната мерка.
- Со Enter се преминува на копчето *Сними.*

Промена на Единечна мерка:

- Се отвора подмени *2. Единечни мерки* од менито Ажурирање.
- Со покажувачот или со стрелките нагоре-надолу се одбира саканата ставка
- Се притиска Enter на тастатура или копчето *Измени* или копчето со знакот ✓
- После промената се притиска копчето *Сними*




**Сл. 11 Внесување на единечни мерки**

### 5.2.3. Лица за работа

Во ова подмени се ажурираат сите вработени во фирмата кои го користат овој програм, изготвуваат и издаваат документи. Корисно е заради брзо внесување на Име и Презиме на вработениот кој го изготвува документот.




**Сл. 12 Лица за работа**

Внесување на Лица за работа:
- Се отвора подмени *4. Лица за работа* од менито Ажурирање.
- Се притиска копчето Insert од тастатура или копчето *Додај* на оваа форма.
- Се пополнуваат полињата (Сл. 12). Во првото се внесува кратенка од 2 карактери.
- Во второто поле се внесува Име и Презиме на лицето.
- Со Enter се преминува на копчето *Сними.*

Промена на Лица за работа:
- Се отвора подмени *4. Лица за работа* од менито Ажурирање.
- Со покажувачот или со стрелките нагоре-надолу се одбира саканата ставка



Банка: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Жиро сметка: 200001111833780
Даночен број: MK4021005145262

**ОБЈЕКТ ИКС ДООЕЛ**
**Никшиќка 16, 7500 Прилеп, Македонија**
тел./факс: +389 (0)48 403 503, тел. +389 (0)75 444 010
e-mail: office@objectx.com.mk, http://www.objectx.com.mk

Се притиска Enter на тастатура или копчето *Измени* или копчето со знакот ✓

### 5.2.4. Комитенти

Комитенти се правни лица (фирми) кои ги користеле услугите или на некој друг начин соработувале со фирмата.

Овде се внесуваат податоци за нив „еднаш за секогаш“, за да не мора да се внесуваат секојпат при правење фактура на име на таа фирма.

Внесување на Комитенти:

- Се отвора подмени *5.Комитенти* од менито Ажурирање.
- Се притиска копчето *Нов* на формата или копчето End од тастатура за автоматско доделување реден број/шифра на фирмата.
- Ознака е краток назив на фирмата на комитентот. Може и не мора да биде внесена.
- Се пополнуваат останатите полиња (Сл. 13).
- Со Enter се преминува на копчето *Сними.*

Преглед/промена на податоци на комитенти се прави на следниов начин:

- Се отвора подмени *5.Комитенти* од менито Ажурирање.
- За пребарување:
    - се притиска Enter од тастатура или со притискање на иконочето со лупа се одбира „Сите“,
    - или се внесува дел или цела шифра на фирмата која се бара и со притискање на иконочето со лупа се одбира „Барај според шифра...“,
    - или се внесува дел или цело име на фирмата која се бара и со притискање на иконочето со лупа се одбира „Барај според име...“
- Се појавува паѓачко мени (Сл. 14) со филтрирани податоци
- Со стрелките од тастатура за нагоре/надолу се бира името на фирмата, се притиска Enter или копчето со знакот ✓. Податоците за фирмата ги пополнуваат соодветните полиња.
- Овие податоци можат да се променат.
- На крајот се снима.



Банка: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Жиро сметка: 200001111833780
Даночен број: MK4021005145262

**ОБЈЕКТ ИКС ДООЕЛ**
**Никшиќка 16, 7500 Прилеп, Македонија**
тел./факс: +389 (0)48 403 503, тел. +389 (0)75 444 010
e-mail: office@objectx.com.mk, http://www.objectx.com.mk




**Сл. 13 Внесување на генералии за комитент**




**Сл. 14 Преглед на податоци од внесени комитенти**

## 5.2.5. Тарифи

Данокот на додадена вредност обврзува на оданочување по две тарифи 18% (Д1) и 5% (Д2).

Овие тарифи се внесени, но можат да се менуваат при промена на законските прописи.

Внесување на Тарифи:

- Се отвора подмени *6.Тарифи* од менито Ажурирање.
- Се притиска копчето Insert од тастатура или копчето *Додај* на оваа форма.
- Се пополнуваат полињата. Во првото се внесува кратенка до максимум 5 карактери.
- Во второто поле се внесува опис на тарифата.
- Во третото поле се внесува процентот на ДДВ од таа тарифа.
- Со Enter се преминува на копчето *Сними.*

Преглед/промена на податоци за тарифи:

- Се отвора подмени *6.Тарифи* од менито Ажурирање.
- Со стрелките од тастатура за нагоре/надолу се бира саканата ставка, се притиска Enter или копчето со знакот ✓. Податоците ги пополнуваат соодветните полиња.
- Овие податоци можат да се променат.

На крајот се снима.




**Сл. 15 Внесување и преглед на даночни тарифи**

## 5.2.6. Производи

При изработката на фактурата се бира производот и се назначува количината, а сè друго поврзано со него автоматски се пополнува. За таа цел релевантните податоци за производите, со кои располага корисникот на програмот, претходно треба да бидат внесени во базата.

Внесувањето на податоци за производите се прави на следниот начин:

- Се отвора подмени *7.Производи* од менито Ажурирање Сл. 16
- Се притиска копчето *Нов* на формата или копчето End од тастатура за автоматско доделување шифра на производ. После секој внесен податок се притиска Enter
- Се внесува бар-кодот на производот, ако користите бар-код читач
- Се внесува името на производот
- Се внесува кратенката за единечна мерка. Со притискање Enter или на иконата со лупа излегува список на сите внесени единечни мерки. Единечните мерки може да се прегледаат и да се внесат нови, како што е опишано (види наслов *5.2.2.Единечни мерки*)



Банка: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Жиро сметка: 200001111833780
Даночен број: МК4021005145262

**ОБЈЕКТ ИКС ДООЕЛ**
**Никшиќка 16, 7500 Прилеп, Македонија**
тел./факс: +389 (0)48 403 503, тел. +389 (0)75 444 010
e-mail: office@objectx.com.mk, http://www.objectx.com.mk

- Се внесува кратенката за даночна тарифа. Со притискање Enter или на иконата со лупа излегува список на сите внесени даночни тарифи
- Се внесува продажна цена
- Подлежи на ДДВ - се внесува Д ако производот подлежи на ДДВ (најчест случај), Н во специјален случај – ако производот е ослободен од ДДВ
- Автоматска количина – во оваа верзија не се користи. Оставено е како можност за некоја идна верзија.
- Со Enter се преминува на копчето *Сними.*

Преглед/Промена на податоци за производи:

- Се отвора подмени *7.Производи* од менито Ажурирање
- За пребарување:
    - се притиска Enter од тастатура или со притискање на икончето со лупа се одбира „Сите“,
    - или се внесува дел или цела шифра на фирмата која се бара и со притискање на икончето со лупа се одбира „Барај според шифра...“,
    - или се внесува дел или цело име на фирмата која се бара и со притискање на икончето со лупа се одбира „Барај според име...“
- Се појавува листа од внесени производи.
- Со стрелките се бира саканиот производ. Се притиска Enter или копчето со знакот ✓. Податоците за производот ги пополнуваат полињата.
- Се прават саканите промени. На крај се снима.




**Сл. 16 Додавање на нови производи**

### 5.2.7. Жиро сметки

Овде се внесуваат и прикажуваат сите жиро сметки кои ги поседува фирмата, а кои се користат во платниот промет.

Внесување на Жиро сметки:

- Се отвора подмени *8.Жиро сметки* од менито Ажурирање.
- Се притиска копчето Insert од тастатура или копчето *Додај* на оваа форма.
- Се пополнуваат полињата. Во првото се внесува кратенка за жиро сметка од 2 карактери.
- Во второто поле се внесува бројот на жиро сметка.
- Во третото се внесува Депонентна банка.

На фактурата, во меморандумот под името на фирмата која ја издава фактурата се печатат најмногу 4 жиро сметки. Доколку бројот на жиро сметка започнува со празно место, нема да биде отпечатен на фактурата.



Банка: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Жиро сметка: 200001111833780
Даночен број: MK4021005145262

**ОБЈЕКТ ИКС ДООЕЛ**
**Никшиќка 16, 7500 Прилеп, Македонија**
тел./факс: +389 (0)48 403 503, тел. +389 (0)75 444 010
e-mail: office@objectx.com.mk, http://www.objectx.com.mk




**Сл. 17 Внесување на жиро сметки на корисникот на програмата**

## 5.2.8. Córинскиtarифи




**Сл. 18 Царински тарифи на материјали**

Овде се внесуваат различните материјали кои се вградуваат во готовите производи, со нивните царински тарифи.

Внесувањето на овие податоци се прави на следниот начин (После секој внесен податок се притиска Enter):

- Се отвора подмени *9. Царински тарифи* од менито Ажурирање (Сл. 18)
- Се притиска копчето *Insert* од тастатура за внесување на нова царинска тарифа.



Банка: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Жиро сметка: 200001111833780
Даночен број: MK4021005145262

**ОБЈЕКТ ИКС ДООЕЛ**
**Никшиќка 16, 7500 Прилеп, Македонија**
тел./факс: +389 (0)48 403 503, тел. +389 (0)75 444 010
e-mail: office@objectx.com.mk, http://www.objectx.com.mk

- Се внесува бројот на тарифата
- Се внесува опис на производот
- Се внесува процент на царина на која подлежи тој производ
- Со Enter се преминува на копчето *Сними.*

Преглед/Промена на податоци за царински тарифи:

- Се отвора подмени *9. Царински тарифи* од менито Ажурирање
- Се појавува листа од внесени производи. Со стрелките се бира саканиот производ. Се притиска Enter, а податоците за производот ги пополнуваат полињата.
- Се прават саканите промени. На крај се снима.

### 5.2.9. Царинарница

Тука се внесуваат сите царинарници со кој соработува фирмата. Со инсталирањето на софтверот доаѓаат внесени тие кои се наведени на сликата.




**Сл. 19 Список на царинарници**

Внесувањето на овие податоци се прави на следниот начин (После секој внесен податок се притиска Enter):

- Се отвора подмени *10. Царинарница* од менито Ажурирање (Сл. 18)
- Се притиска копчето *Insert* од тастатура за внесување на нова царинарница.
- Се внесува шифра
- Се внесува име/локација на царинарница
- Со Enter се преминува на копчето *Сними.*

Преглед/Промена на податоци за царински тарифи:

- Се отвора подмени *10. Царинарница* од менито Ажурирање
- Се појавува листа од внесени царинарници. Со стрелките се бира онаа која треба да се менува. Се притиска Enter, а податоците за неа ги пополнуваат полињата. Се прават саканите промени. На крај се снима.



Банка: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Жиро сметка: 200001111833780
Даночен број: MK4021005145262

**ОБЈЕКТ ИКС ДООЕЛ**
**Никшиќка 16, 7500 Прилеп, Македонија**
тел./факс: +389 (0)48 403 503, тел. +389 (0)75 444 010
e-mail: office@objectx.com.mk, http://www.objectx.com.mk

## 5.3. Лон работење

Содржи подменија кои се однесуваат на лон царинско работење и евиденција:

1. Влезна фактура
2. Нормативи
3. Приемница
4. Работен налог
5. Требовање
6. Повратница
7. Приемница од производство
8. Лон излезна фактура
9. Царински лист
10. Извештај за уништување
11. Лист за пресметка
12. Документ за уништување




**Сл. 20 Лон работење**

### 5.3.1. Влезна фактура

Во ова подмени започнува евидентирањето на увезениот материјал за облагородување. Овде се прави влезна фактура со податоците од документот кој доаѓа со материјалите. Во оваа форма постои контрола за пропуштени податоци во клучни полиња, како и за еднаквост на збирните царина и ДДВ со поединечните царина и ДДВ по ставки. Овде се врши и задолжување на гаранцијата при увоз.

Се пополнуваат полињата со ред (на наредното се преминува со притискање на копчето *Tab* на тастатура):

- *Фирма* – Можно е да се одбери од база на повеќе начини:
  1. се притиска Enter на тастатура или на икончето со лупа се одбира *Сите....* Се појавува список на сите комитенти претходно внесени во базата (види наслов *5.2.4. Комитенти*).
  2. се пишува почетокот на името (или цело име) на комитент, се притиска стрелка надолу на тастатура или на икончето со лупа се одбира *Барај според име...* Во списокот се појавуваат сите комитенти кои почнуваат на внесените букви



Банка: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Жиро сметка: 200001111833780
Даночен број: MK4021005145262

**ОБЈЕКТ ИКС ДООЕЛ**
**Никшиќка 16, 7500 Прилеп, Македонија**
тел./факс: +389 (0)48 403 503, тел. +389 (0)75 444 010
e-mail: office@objectx.com.mk, http://www.objectx.com.mk

3. се пишува почетокот на шифрата (или цела шифра) на комитент со бројки, се притиска Enter или на иконачето со лупа се одбира *Барај според шифра...* Во списокот се појавуваат сите комитенти кои почнуваат на внесените бројки.




**Сл. 21 Бирање на фирма комитент**




**Сл. 22 Внесување на влезни материјали**



Банка: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Жиро сметка: 200001111833780
Даночен број: МК4021005145262

**ОБЈЕКТ ИКС ДООЕЛ**
**Никшиќка 16, 7500 Прилеп, Македонија**
тел./факс: +389 (0)48 403 503, тел. +389 (0)75 444 010
e-mail: office@objectx.com.mk, http://www.objectx.com.mk

- *Фактура број, Датум* – се внесуваат од пристигнатата фактура. Датум на ДДО автоматски се додава после 90 дена од Датум
- *Царинска декларација* – се пополнува од документите
- Коа полето за внесување на репроматеријалите се обои жолто, се кликнува *Insert* на тастатура и излегува форма за внес на нов производ за репроматеријал
- *Производ* – Можно е да се одбери од база на повеќе начини:
    1. се притиска Enter на тастатура или на иконччето со лупа се одбира *Сите....* Се појавува список на сите производи претходно внесени во базата (види наслов *5.2.6. Производи*) (**Error! Reference source not found.**).
    2. се пишува почетокот на името (или цело име) на производ, се притиска стрелка надолу на тастатура или на иконччето со лупа се одбира *Барај според име...* Во списокот се појавуваат сите комитенти кои почнуваат на внесените букви
    3. се пишува почетокот на шифрата (или цела шифра) на производ со бројки, се притиска Enter или на иконччето со лупа се одбира *Барај според шифра...* Во списокот се појавуваат сите комитенти кои почнуваат на внесените бројки.




**Сл. 23 Внесени сите материјали од фактурата**

## 5.4. База

Се состои од подменија кои се однесуваат на менаџмент со базите на податоци за различни деловни години (Сл. 24).

1. Отворање деловна година
2. Промена на деловна година
3. Преземање од деловна година



Банка: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Жиро сметка: 200001111833780
Даночен број: МК4021005145262

**ОБЈЕКТ ИКС ДООЕЛ**
**Никшиќка 16, 7500 Прилеп, Македонија**
тел./факс: +389 (0)48 403 503, тел. +389 (0)75 444 010
e-mail: office@objectx.com.mk, http://www.objectx.com.mk

4. Архивирање деловна година
5. Отпакување деловна година
6. Архивирани податоци на надворешен медиум
7. Враќање на податоци од надворешен медиум
8. Празнење




**Сл. 24 Менаџмент со деловните години**

## 5.4.1. Отворање деловна година

Со оваа функција на SQL серверот се отвора нова база на податоци која ќе се однесува на нова деловна година (Сл. 25). Се впишува деловната година и се притиска на копчето *Сними*.




**Сл. 25 Отворање нова деловна година**

## 5.4.2. Промена на деловна година

Доколку постои потреба да се промени деловната година заради преглед на некоја фактура (на пример од 2007 во 2006) тоа се прави со оваа функција (Сл. 26). Притоа потребно е да се одбери соодветната ставка и да се притисне копчето *Промени.* Со промена на деловната година не се уништуваат податоци за тековната. После враќањето на тековната година работата продолжува кај што застанала пред промената.




**Сл. 26 Промена на деловна година**

## 5.4.3. Преземање од деловна година

Оваа функција се користи после отворање на нова деловна година, дури во втората година на користење на програмот и за секоја наредна.

Во претходната година сме ги внесле нашите специфични ажурирања (единечни мерки, ценовник, комитенти, гости...) и сакаме нив да ги имаме и во штотуку отворената нова деловна година. За нивно преземање се користи оваа функција (Сл. 27).



Банка: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Жиро сметка: 200001111833780
Даночен број: MK4021005145262
**ОБЈЕКТ ИКС ДООЕЛ**
**Никшиќка 16, 7500 Прилеп, Македонија**
тел./факс: +389 (0)48 403 503, тел. +389 (0)75 444 010
e-mail: office@objectx.com.mk, http://www.objectx.com.mk




**Сл. 27 Преземање на ажурирања од поранешна деловна година**

## 5.4.4. Архивирање деловна година

Податоците од актуелната деловна година повремено мора да ги архивираме и да ги заштитиме снимајќи ги на друг компјутер или на CD.

За архивирање се користи оваа функција (Сл. 28). Таа прави сигурносна копија на базата на податоци за избраната година и ја снима на одредена локација (види наслов 5.4.6 на страна 24). Потоа, таа датотека се снима на CD или на друг компјутер, каде се чуваат сигурносни копии.

Корисно е почесто да се прави архивирање и снимање на податоците на CD, за да загубата од евентуален проблем со компјутерот (прегорување на хард диск и сл.) се сведат на минимум, а враќањето во нормален режим на работа биде што побезболно.




**Сл. 28 Архивирањето треба да се потврди**

## 5.4.5. Отпакување деловна година

Оваа функција е обратна од Архивирање и се користи за враќање на податоците од веќе архивирана деловна година. Најчесто во случај да бил преинсталиран целиот софтвер и е потребно да се вратат архивирани податоци (Сл. 29).




**Сл. 29 Отпакување на веќе архивирана деловна година**

## 5.4.6. Архивирани податоци на надворешен медиум

Ова подмени со Windows Explorer го отвора фолдерот во кој се снимаат архиви на базите на податоци. Овие архиви треба да се копираат на друга, сигурна локација (друг хард диск, CD, USB…), заради нивно враќање во случај да биде преинсталиран целиот софтвер.



Банка: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Жиро сметка: 200001111833780
Даночен број: МК4021005145262

**ОБЈЕКТ ИКС ДООЕЛ**
**Никшиќка 16, 7500 Прилеп, Македонија**
тел./факс: +389 (0)48 403 503, тел. +389 (0)75 444 010
e-mail: office@objectx.com.mk, http://www.objectx.com.mk




**Сл. 30 Локација од која треба да се копираат архивите на сигурно место (друг хард диск, CD...)**

## 5.4.7. Враќање на податоци од надворешен медиум

Ова подмени со Windows Explorer го отвора фолдерот во кој се снимаат архиви на базите на податоци. Овде треба да се копираат архиви на базите податоци од друга локација на која биле зачувани (друг хард диск, CD, USB…), после преинсталиран оперативен систем. Следен чекор после тоа би бил Отпакување на деловна година (види наслов 5.4.5)




**Сл. 31 Овде се копираат архивите на базите на податоци од друг хард диск, CD, USB...**

## 5.4.8. Празнење

**ВНИМАНИЕ!** Со оваа функција се врши бришење на сите податоци од тековната година (Сл. 32). После користењето на оваа функција тековната деловна година ќе постои како нова, штотуку отворена.

**Користењето на оваа функција го правите на сопствен ризик!**

Оставена е да ја имаат како можност оние кои точно знаат што прават.




**Сл. 32 Празнење на податоци од соодветна деловна година**



Банка: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Жиро сметка: 200001111833780
Даночен број: MK4021005145262

**ОБЈЕКТ ИКС ДООЕЛ**
**Никшиќка 16, 7500 Прилеп, Македонија**
тел./факс: +389 (0)48 403 503, тел. +389 (0)75 444 010
e-mail: office@objectx.com.mk, http://www.objectx.com.mk

# 6. Помош

Ова мени содржи подменија за:
- менаџмент со лиценци за софтверот,
- податоци за производителот,
- симнување на најнова верзија,
- конфигурација на функциите на програмот
- конфигурација (избор) на SQL сервер
- линк кој го отвора упатството во pdf формат
- испраќање на забелешки и коментари до нас
- калкулатор




**Сл. 33 Мени Помош**

## 6.1. Лиценци

Во ова подмени може да се види списокот на инсталирани продукти од objectX и да се врши регистрација. Регистрацијата (лиценцирање) на основниот програм и плагините детално е опишано во „4. Прво стартување/Регистрација“ на страна 8.




**Сл. 34 Преглед на инсталиран софтвер и негови лиценци**



Банка: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Жиро сметка: 200001111833780
Даночен број: MK4021005145262

**ОБЈЕКТ ИКС ДООЕЛ**
**Никшиќка 16, 7500 Прилеп, Македонија**
тел./факс: +389 (0)48 403 503, тел. +389 (0)75 444 010
e-mail: office@objectx.com.mk, http://www.objectx.com.mk

## 6.2. За нас

Овде се прикажани податоци за производителот на софтверот кој е и сопственик на авторски права за него.




**Сл. 35 Производител на софтверот**

## 6.3. Најнова верзија

Производителот на софтверот, ObjectX дооел, постојано работи на унапредување на софтверот, вклучувајќи ги тука и потребите и желбите на неговите корисници. Најновата верзија е секогаш поставена на интернет и слободна за симнување на следната локација http://www.objectx.com.mk/Download/oXLonSetup.exe.

Тоа е архива која, после симнувањето, ако ја стартувате ќе се самораспакува во привремен фолдер и автоматски ќе ја стартува инсталацијата на најновата верзија од овој софтвер.




**Сл. 36 Линк за симнување на најновата верзија од апликацијата**

## 6.4. Конфигурација

Овде се прикажани сите прилагодувања кои корисникот на програмот може да ги направи по своја желба (Сл. 37). Промена на вредностите се прави на следниот начин:

- Се селектира соодветната ставка,



Банка: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Жиро сметка: 200001111833780
Даночен број: MK4021005145262

**ОБЈЕКТ ИКС ДООЕЛ**
**Никшиќка 16, 7500 Прилеп, Македонија**
тел./факс: +389 (0)48 403 503, тел. +389 (0)75 444 010
e-mail: office@objectx.com.mk, http://www.objectx.com.mk

- Се притиска Enter на тастатура или двапати се кликнува на ставката. Се појавува форма како на Сл. 38,
- Се внесува новата вредност во полето „Нова вредност:“,
- Се притиска Enter на тастатура или копчето *Потврди* на таа форма,
- Во случај да треба да се врати оригиналната вредност се притиска на копчето *Подразбирливо* на таа форма, а потоа се притиска Enter на тастатура или копчето *Потврди* на таа форма.



Конфигурација

| Име | Опис | Подразбирливо | Дефинирано |
|---|---|---|---|
| BACKUP_PATH | Пат (локација) каде да се архивира дело... | DBARHIVA\ | DBARHIVA\ |
| BLAGODARNOS... | Благодарност на крајот на сметката | Vi blagodarime na d... | Ви благодариме на ... |
| EXCEL_DANE | Дали да запишува фактури во Excel или не | N | N |
| EXCELPATH | Пат (локација) каде ќе се најдува EXCEL f... | EXCEL\ | EXCEL\ |
| FISCAL | Фискализација Да / Не | N | D |
| FISCPATH | Пат на фолдер FISPRN за фискализација | C:\FISPRN\ | C:\FISPRN\ |
| FISCPRINT | Тип на фискален принтер | 01 | 03 |
| LINE_PRINTER... | На кој порт е врзан линискиот принтер | LPT1 | LPT1 |
| PECATI_FAKTU... | Дали да печати ХотелскаСметка или Факту... | 01 | 02 |
| PECATI_NADLE... | Дали во фактурата да стои надлежен Суд | D | D |
| PECATI_SO_BU... | Дали да печати износ со букви | D | D |

Излез

**Сл. 37 Конфигурација на некои можности на програмот**




**Сл. 38 Промена на дефинирани податоци**

**BACKUP_PATH -** Внесена е патеката до фолдерот, во кој ќе бидат сместени архивираните бази на податоци. Оваа патека продолжува од фолдерот во кој е инсталиран програмот oXLon (%SystemRoot%\Program files\ObjectX\oXLon\). Потребно е да се знае оваа патека заради копирање на тие архиви на сигурна локација (друг хард диск, снимени на CD, USB…)

**BLAGODARNOST_DANE** – Текст кој се печати само на хотелската сметка (печатена на линиски POS печатач)

**EXCEL_DANE** – Ова прилагодување засега не функционира. Оставено е како можност за понатамошни проширувања.



Банка: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Жиро сметка: 200001111833780
Даночен број: MK4021005145262

**ОБЈЕКТ ИКС ДООЕЛ**
**Никшиќка 16, 7500 Прилеп, Македонија**
тел./факс: +389 (0)48 403 503, тел. +389 (0)75 444 010
e-mail: office@objectx.com.mk, http://www.objectx.com.mk

**EXCELPATH** - Ова прилагодување засега не функционира. Оставено е како можност за понатамошни проширувања.

**FISCAL** – Ако на компјутерот е поврзан фискален печатач, тогаш вредноста на оваа опција треба да се промени во D (да). Со тоа во формата за изработка на фактури се појавува копчето *Фискал (Сторно)* и овозможено е печатење на фискална сметка.

**FISCPATH** – Размената на податоци помеѓу програмот и фискалниот печатач се врши во фолдерот FISPRN, кој се наоѓа на локацијата C:\FISPRN

**FISCPRINT** – Предефинирана вредност на овој податок е 01, а се однесува на фискалниот печатач „Synergy pf500" кој е најзастапен во Република Македонија. На барање на поголем број на корисници може да се направи поддршка и за други типови фискални печатачи

**LINE_PRINTER_PATH** – На кој порт е врзан линискиот принтер (LPT1, 2)

**PECATI_FAKTURA_SMETKA** – За вредност 01 се печати хотелска сметка т.е. печатењето се врши на линискиот POS печатач. Кога е внесена вредност 02 печатењето се врши на оној печатач кој на оперативниот систем е пријавен како Default. Кога е внесена вредност 03 при печатење се појавува избор за тоа каква сметка ќе биде печатена т.е. на кој печатач.

**PECATI_NADLEZEN_SUD** – Ако вредноста на овој податок е D (да), се печати реченицата „Во случај на спор надлежен е..." (Сл. 39). Во спротивно таа реченица не се печати на фактурата

**PECATI_SO_BUKVI** - Ако вредноста на овој податок е D (да), износот на фактурата се претвора во зборови и се печати „Со букви: ..." (Сл. 39) Во спротивно таа реченица не се печати на фактурата



| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| НОЌЕВАЊЕ СО ПОЈАДОК | 1.000 | N | 1,016.95 | 1,200.00 | 18 | 183.05 | 1,200.00 |
| ТУРИСТИЧКА ТАКСА | 5.000 | TT | 33.90 | 40.00 | 18 | 6.10 | 200.00 |
| | | | | | | Вкупно: | 6,200.00 |

По пријава број: 13/2007 од 21.06.2007
Начин на плаќање: Готовинско

Нето цена: 5,254.24
ДДВ 18%: 945.76
Вкупен износ: 6,200.00

Со букви: шест илјади двеста денари
Во случај на спор, надлежен е Основен Суд Прилеп

М.П

Рецепционер

**Сл. 39 Износ со букви, надлежен суд**

## 6.5. Конфигурација на SQL сервер

Доколку во Вашата фирма веќе имате инсталирано SQL сервер, тогаш базата која ја користи овој програм може да биде инсталирана на тој компјутер на кој се наоѓа SQL сервер. Во тој случај после инсталацијата на програмот oXLon треба да се отвори ова подмени и да се одбери Вашиот постоечки SQL сервер.

Или доколку сакате да го инсталирате овој програм на повеќе компјутери во Вашата фирма (рецепција, канцеларија на директор...), кои ќе користат една база на податоци, тогаш на сите компјутери се одбира еден ист SQL сервер, кој ќе биде на списокот (Сл. 40).

Податокот *Одбери автентикација* се одбира во зависност од тоа како е инсталиран Вашиот постоечки SQL сервер (SQL или Windows автентикација).



Банка: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Жиро сметка: 200001111833780
Даночен број: МК4021005145262

**ОБЈЕКТ ИКС ДООЕЛ**
**Никшиќка 16, 7500 Прилеп, Македонија**
тел./факс: +389 (0)48 403 503, тел. +389 (0)75 444 010
e-mail: office@objectx.com.mk, http://www.objectx.com.mk




**Сл. 40 Конфигурација на SQL сервер**

## 6.6. Упатство

Со кликнување на ова подмени се отвора фајлот oXLon.pdf. Тоа е ова упатство кое моментално го читате. За негово отворање потребно е на Вашиот компјутер да имате инсталирано Adobe Acrobat Reader 5 или понова верзија.

## 6.7. Забелешки и коментари

Од ова подмени се стартува формата како на Сл. 41. Во неа корисниците можат да ни пишуваат за своите искуства со нашиот програм, да даваат забелешки, сугестии. Тие пораки стигнуваат на нашата e-mail адреса. Со нив, ние ќе имаме повратна врска од корисниците и ќе имаме насоки за понатамошно развивање и надополнување на програмот со нови функции.

Чувствувајте се слободни да ни пишувате. Ви благодариме.

**Напомена** – за да биде пратена пораката потребно е во моментот Вашиот компјутер да е поврзан на интернет.




**Сл. 41 Напишаниот коментар стигнува на нашиот e-mail**



Банка: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Жиро сметка: 200001111833780
Даночен број: МК4021005145262

**ОБЈЕКТ ИКС ДООЕЛ**
**Никшиќка 16, 7500 Прилеп, Македонија**
тел./факс: +389 (0)48 403 503, тел. +389 (0)75 444 010
e-mail: office@objectx.com.mk, http://www.objectx.com.mk

## 6.8. Калкулатор

Ова подмени ја стартува програмата calculator.exe која Windows ја содржи во себе, а на сите нас многупати ни потребала (Сл. 42)




**Сл. 42 Калкулатор**

## 6.9. Напомени

Внимателно читајте и постапувајте по упатството

1. **Лиценци** - Датотеката Licence.dll чувајте ја на безбедно место. Производителот само еднаш дава лиценци (кои имаат неограничен рок на траење) и понатаму нема обврска за одржување на програмот. Купувачот/ корисникот на програмот после купувањето на програмот и добивањето на лиценца за негово користење, нема никакви обврски кон производителот/ дилерот.
2. **Јазична поддршка** - Внимавајте, јазичната поддршка со која ги внесувате кратенките да е секогаш иста. Кратенка, при ажурирање внесена со една (на пример Македонска кирилична јазична поддршка), а подоцна на друго место во програмот е внесена со друга (на пример Англиска латинична јазична поддршка), нема да биде препознаена. Инсталираните јазични поддршки се менуваат со истовремено притискање на копчињата Alt+Shift на тастатура.
3. **Фискализација** - Фискализацијата на секоја издадена фактура се прави само доколку во конфигурација за прилагодувањето **FISCAL** е внесена вредност **D**
4. **Децимална запирка** – При внесување на цена на услуга, ако таа е со децимални места, можно е да не биде прифатена од програмот. За да не дојде до такви ситуации, потребно е да ги промените местата на децималната запирка и точката за групирање на бројките на следново место: „Start\Control Panel\ Regional and Language Options“ се притиска на копчето Customize…(Сл. 43)
   За „Decimal Symbol“ наместо запирка се става точка и за „Digit grouping symbol“ наместо точка се става запирка.



Банка: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Жиро сметка: 200001111833780
Даночен број: MK4021005145262

**ОБЈЕКТ ИКС ДООЕЛ**
**Никшиќка 16, 7500 Прилеп, Македонија**
тел./факс: +389 (0)48 403 503, тел. +389 (0)75 444 010
e-mail: office@objectx.com.mk, http://www.objectx.com.mk




**Сл. 43 Regional and Language Options и замена на запирката и точката**



Банка: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Жиро сметка: 200001111833780
Даночен број: MK4021005145262

**ОБЈЕКТ ИКС ДООЕЛ**
**Никшиќка 16, 7500 Прилеп, Македонија**
тел./факс: +389 (0)48 403 503, тел. +389 (0)75 444 010
e-mail: office@objectx.com.mk, http://www.objectx.com.mk

## ЗАБЕЛЕШКИ:



Банка: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Жиро сметка: 200001111833780
Даночен број: MK4021005145262

**ОБЈЕКТ ИКС ДООЕЛ**
**Никшиќка 16, 7500 Прилеп, Македонија**
тел./факс: +389 (0)48 403 503, тел. +389 (0)75 444 010
e-mail: office@objectx.com.mk, http://www.objectx.com.mk